ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

П Р А В И Л Н И К
за измени и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Скопје, Октомври 2018 година

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Сл.весник на РМ" бр.27/14 и 199/14), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 24 октомври 2018 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
за измени и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Член 1

Со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација во Фондот за здравствено осигурување на Македонија бр.02-15382/2 од 14.09.2015 година, бр. 02-19053/1 од 11.11.2015 година, бр. 02-30799/1 од 09.03.2016 година, бр. 02-3304/3 од 28.02.2018 година, бр.02-8486/1 од 07.06.2018 година, бр.02-10240/1 од 11.07.2018 година, бр.02-13635/1 од 21.09.2018 година и бр.02-14270/1 од 08.10.2018 година.

Член 2

Фонд за здравствено осигурување на Македонија - Централа, во Глава VII Сектор за сметководство, трезор и јавни набавки, точката 1 која гласи: "Директор на Сектор за сметководство, трезор и јавни набавки со шифра ФЗО0102Б01001", во делот на потребното образование по зборовите: **"економски науки"** се додаваат зборовите: **"организациони науки и управување (менаџмент)".**

Член 3

Овој Правилник влагува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по претходно добиена согласност од Министерство за информатичко општество и администрација и Министерство за здравство.

Број: 02 - 15270/1
26. 10. 2018
2018 год.

УПРАВЕН ОДБОР НА ФЗОМ
Претседател,
Верица Проковиќ

Изготвил: Лидија Маркузанова
Согласен: директор на Сектор Адем Авзиу, Adem Avziu
Согласен: директор Данаил Дончев
Согласен: директор Орхан Рамадани, Orhan Ramadani

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со измената и дополнувањето на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ФЗОМ, се врши дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување – Централа.

Фонд за здравствено осигурување на Македонија - Централа, во Глава VII Сектор за сметководство, трезор и јавни набавки, точката 1 која гласи: "Директор на Сектор за сметководство, трезор и јавни набавки со шифра ФЗО0102Б01001", во делот на потребното образование по зборовите: "економски науки" се додаваат зборовите: "организациони науки и управување (менаџмент)".

Сектор за управување со човечки ресурси